**Тема 2Б: 6.5. Растење**

**Наставни единици од оваа тема се :**

1. Моето растење - пубертет
2. Моето растење – порано, сега и во иднина
3. Менструација и менструален циклус
4. Повторување за растењето

Научете за Менструација и менструален циклус!

# Час 47 Менструација и менструален циклус

Во пубертетот кај девојчињата почнува да функционира месечниот циклус- менструација (крвавење од вагината).

Менструацијата вообичаено трае од 3-7 дена

Откако ќе заврши една менструација постои временски период до почетокот на наредната менструација.

Вообичаено од првиот ден кога ќе почне менструацијата до наредната менструација има 24-35 дена.

**Менструација (крварење)** претставува исфрлање на неоплодена јајце клетка заедно со слузта од матката со крвавење.

Проследи ја видеоанимацијата за тоа што се случува во еден месечен циклус. → **Менструален циклус-анимација**

(Со клик на Ctrl и маусот да се постави натекстот со сина боја и да се кликни на лев клик ќе се отвори потребниот линк)

Ќе забележиш четири фази!

Тие фази можеш да и забележиш и на сликата десно.



1. Ќе забележиш дека на почеток се создава јајце клетка во јајниците -ПРЕДОВУЛАЦИЈА
2. Потоа таа јајце клетка преку јајцеводите патува до матката каде чека да биде оплодена-ОВУЛАЦИЈА
3.Потоа матката се подотвува за оплодување на јајце клетката и развиток на плодот.фазА -ПО ОВУЛАЦИЈА

4.Кога јајце клетката нема да биде оплодена изумира и заедно со слузта од матката се исфрла преку крвавење наречено МЕНСТРУАЦИЈА

## Час 48 Повторување за пубертет

**На овој час треба да повторите за животниот циклус на човекот и менструален циклус и накрај да се самопроверите преку наставниот лист кој ќе ви го доставам на крајот од документот.**

### Материјал за повторување за животен циклус

Треба да знаете дека животниот циклус на човекот опфаќа неколку фази( периоди):
**1.НОВОРОДЕНЧЕ** - од раѓање до едн година.Во овој период новороденчето е потполно зависно од родителите.
**2.ДЕТСТВО-** период кој трае од 1-10 години.Во првите две години детето учи да оди,да борува, а подоцна и да се облекува и да се грижи за другои работи.Во овој период детето се социјализира , т.е го учи начинот на живот во општествент средина преку комуникација со други луѓе.
3**.ПУБЕРТЕТ** -тоа е најбурниот период во животот на човекот .Времето кога започнува пубертетот може да биде различно кај различни индивидуи ,година , две порано или покасно од периодот кој е даден во литературата како точен.За девојчињта се смета дека трае од **10-16 години**, а кај момчињата од **12-18 години.**
**Какви промени се случуваат и под влијание на што се случуваат тие промени?**

**Под влијание на половите хормони** кои ги лачат половите жлезди се развиваат секундарните полови карактеристики.Тие се дадени во следната табела:

| ПРОМЕНИ КАЈ МОМЧИЊАТА (12г-18г) | ПРОМЕНИ КАЈ ДЕВОЈЧИЊТА (10г-16г) |
|---|---|
| 1.Длабок глас | 1 .Развивање на гради и млечни жлезди |
| 2.Појава на брада и мустаќи | 2.Заоблување на колковите |
| 3.Зајакнување на мускулите | 3 .Влакната се потенки и покриваат некои делови од телото |
| 4.Развивање на рамениците | 4. Нежен глас |
| 5.Поширoки раменици од колкови | 5.Чувство на женственост |
| 6 . **Развивање** на половите орани и созревање на полови кклетки | 6.Појава на месечен циклус ( менструација ) |

Во периодот на ПУБЕРТЕТ покрај физичките промени настануваат и промени во начинот на однесување и размислување.Се јавува заинтересираност за спротивниот пол .
**ПУБЕРТЕТОТ Е ПЕРИОД НА ПРЕМИН НА ДЕТЕТО ВО ВОЗРАСНИ**
4.**МЛАДОСТ (адолесценција)-** е перидот после пубертетот. Во овој период и момчињата и девојчињата се одликуваат со полова зрелост.
5.**ЗРЕЛОСТ** .После МЛАДОСТА доаѓа зрелост.Зрелоста е најдолгиот период во кој човекот ги применува вештините што ги стекнал во животот , создава свое потомство
.6.СТАРОСТ -ПЕРИОД КОЈ НАСТАПУВА ПОСЛЕ ЗРЕЛОСТА. Во овој период кожата станува нееластична и се појавуваат брчки,косата обелува,мускулите се намалуваат ,коските се лесно кршливи,крвните садови ослабуваат ,мозочни клетки изумираат.
КАЈ ЖЕНИТЕ ОКОЛУ **50 ГОДИНА** ПРЕКИНУВА МЕСЕЧНИОТ ЦИКЛУС

---

**Тест** / ТЕМА 5 / ПРИРОДНИ НАУКИ 6 / група А

**УЧЕНИК**______________________________________________________________

| Поставено прашање | бод |
|---|---|
| 1.Анализирај го секој од дадените описи на периоди од животот на човекот,откриј за кој период се работи и запиши го !<br>а.Овој период трае една година ---------------------------------------------------------------------------→___________________<br>б.Во овој период се достигнува половата зрелост и трае до 18 г.--------------------------------→___________________<br>в.Во овој период изумираат клетки во мозокот-------------------------------------------------------→___________________<br>г.Во овој период човекот ги применува вештините што ги стекнал во животот -------------→__________________<br>д.Месечниот циклус кај девојчињата се јавува во периодот на -----------------------------------→__________________<br>ѓ.Социјализација на детето се случува во периодот на------------------------------------------------→___________________ | 3 |
| 2.Под секоја бројка запиши ја развојната фаза од животот што соодветствува по редоследот на нејзино појавување во текот на животниот циклус<br>1.________________3.______________5._______________2.________________6._______________4.____________ | 3 |
| 3.Дополни !<br>а.Периодот на пубертет кај девојчињата се јавува од __________до__________години.<br>б.Пубертетот е нормален природен процес кој претставува премин од детство во ____________________<br>в. в.Фазата од месечниот циклус кога се создава јајце клетка во јајчниците е___________________________ | 4 |
| 4.Дополни!<br>Во пубертетот промените кај момчињата настануваат под влијание на половите__________________кои настануваат во половите жлезди наречени ____________________________. | 2 |
| 5.Дополни !<br>Менструацијата трае од _________до__________дена. | 2 |
| 6.Наведи ги промените кои се случуваат кај девојчињата за време на пубертетот!<br>-______________________________________________<br>-______________________________________________<br>-______________________________________________<br>-______________________________________________<br>-______________________________________________<br>-______________________________________________ | 6 |
| 7.Дополни !<br>Менструација е<br>______________________________________________<br>______________________________________________<br>____ | 1 |
| 8.Заокружи Т-ТОЧНО или Н- НЕТОЧНО во зависност од тоа дали исказот е точен или неточен.<br><br>а.Младоста е најдолгиот период во животот на човекот Т Н<br>б. Времето од почетокот на една до почетокот на друга менструација е од 25-30дена Т Н<br>в.Јајце клетката се создава во семеводот. Т Н<br>г.Месечниот циклус кај жената прекинува околу 60 тата година Т Н<br>д.Во период на пубертет кај момчињата рамениците се шират Т Н<br>ѓ. Кога жената е бремена има месечен циклус Т Н | 6 |
| Критериум оценување за степенот на совладаност<br>0-7 недоволно 8-11 нискозадоволително 12-17 делумно 18-21 задоволително 22-27 одлично | **Вк 27** |
| Освоени бодови | |

| | | |
|---|---|---|
| **Тест** / ТЕМА 5 / ПРИРОДНИ НАУКИ 6 / група Б<br>**УЧЕНИК**_________________________________________ | Одд. | Датум. |

| Поставено прашање | бод |
|---|---|
| 1.Анализирај го секој од дадените описи на периоди од животот на човекот,откриј за кој период се работи и запиши го !<br>а.Период кога детето е потполно зависно од родителите---------------------------------------------→___________________<br>б.Период кога коските стануваат кршливи ,а мускулите ослабуваат--------------------------------→___________________<br>в.Период кој завршува до десеттата година од животот------------------------------------------------→___________________<br>г.Во овој период човекот го продолжува своето потомство--------------------------------------------→___________________<br>д.Мутација или задебелување на глесот кај момчињата настанува во периодот на--------→___________________<br>ѓ.Период кој следува по пубертетот---------------------------------------------------------------------------→___________________ | 3 |
| 2. До секоја бројка запиши ја развојната фаза од животот што соодветствува по редоследот на нејзино појавување во текот на животниот циклус<br>2________________ 4________________ 3_________________ 1_______________ 6._______________<br>5_______________ | 3 |
| 3.Дополни !<br>а.Периодот на пубертет кај момчињата се јавува од ___________до___________години.<br>б.За време на менструација девојчињата треба да внимаваат на одржување на __________________________<br>в. в.Фазата од месечниот циклус кога јајце клетката патува преку јајцеводите до матката каде чека да биде оплодена е _______________________________ | 4 |
| 4. Дополни!<br>Во пубертетот промените кај девојчињата настануваат под влијание на половите___________________кои настануваат во половите жлезди наречени ____________________________. | 2 |
| 4.Дополни !<br>Менструација е<br>________________________________________________________________________________________<br>________________________________________________________________________________________ | 1 |
| 5 . Наведи ги промените кои се случуваат кај момчињата за време на пубертетот!<br>-__________________________________________________________________________________<br>-__________________________________________________________________________________<br>-__________________________________________________________________________________<br>-__________________________________________________________________________________<br>-__________________________________________________________________________________<br>-__________________________________________________________________________________ | 6 |
| 6.Дополни !<br>Времето од почотекот на една менструација до почетокот на наредната менструација е од _______до ______дена. | 2 |
| 7.Заокружи Т-ТОЧНО или Н- НЕТОЧНО во зависност од тоа дали исказот е точен или неточен.<br><br>а.Зрелоста е најдолгиот период во животот на човекот — Т Н<br>б. Менструацијата трае од 7-10 дена — Т Н<br>в.Јајце клетката се создава во матката. — Т Н<br>г.Месечниот циклус кај жената прекинува околу 30 тата година — Т Н<br>д.Во период на пубертет кај девојчињата рамениците се шират — Т Н<br>ѓ. Кога жената е бремена нема месечен циклус — Т Н | 6 |
| Критериум оценување за степенот на совладаност<br>0-7 недоволно 8-11 нискозадоволително 12-17 делумно 18-21 задоволително 22-27 одлично | **Вк**<br>**27** |
| Освоени бодови | |